**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-461/8**
**Скопје, 22.09.2008 година**

**НУ „ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ„- ОХРИД**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ „Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј„ - Охрид - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2007 година, кои се прикажани на страните 6, 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на НУ „Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј„ - Охрид - Сметка за приходи од самофинансирачки активности (во понатамошниот текст Завод и Музеј Охрид), за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Јордан Трца, директор од 29.07.2004 година до 23.12.2007 година
   - Тања Паскали Бунташеска , директор од 24.12.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.06-11.07.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 13.08.2008 година под архивски број 1104-461/6 примени се забелешки по точките 10.2.1, 10.2.2 и 10.4.1 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани при што е одлучено следното:
    - забелешките по точките 10.2.2 и 10.4.1 не се прифакаат, бидејќи не се изнесени докази и аргументи кои ги побиваат наодите на ревизијата, а
    - забелешките на точката 10.2.1 од Претходниот извештај делумно се прифакаат поради доставени нови докази кои го менуваат наодот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела

11.1.1. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга кај Завод и Музеј Охрид не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување поради што од деловните книги не може да се обезбедат согледувања за состојбите на средствата и изворите на средствата како и за приходите и расходите во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно:

- износот на паричните средства не е усогласен со вишокот на приходи за пренос во наредната година;
- во Билансот на состојба искажани се непокриени расходи во текот на годината ( загуба) во износ од 230 илјади денари;
- прикажано е минусно салдо во благајната во износ од 26 илјади денари со состојба 31.12.2007 година;
- необјективно се евидентирани расходи во износ од 388 илјади денари поради несоодветно зголемување на истите при продажба на стоки од продавница, наместо да се врши намалување на ставката - Останат капитал;
- не се евидентирани расходи во износ од 64 илјади денари над износот на средствата кои што се обезбедени од Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство за реализација на проектот „Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник во Охрид„ иако се исплатени средства од сметката на Заводот.
- необјективно се прикажани приходи во износ од 128 илјади денари поради нивно несоодветно евидентирање при издавањето на фактура, наместо при нивната наплата,

- неправилно прикажана разлика во цена содржана во продадена трговска стока и трговска стока на залиха;
- не е извршено усогласување на вредноста на постојаните средства и залихите во Билансот на состојба со изворите на капитални средства..

**Препораки:**

1. Одговорниот сметководител во Завод и Музеј Охрид сметководствената евиденција на Сметката за самофинансирачки активности да ја воспостави согласно буџетското начело на парично искажување. Буџеткото евидентирање на материјалните средства и залихите да биде проследено со соодветни промени во Капиталот.

## 11.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.2.1. Ревизијата изразува резерва во објективноста и реалноста на неданочните приходи што Завод и Музеј Охрид ги остварува по следните основи:

- Од наплата на влезници при посета на спомениците на културата (Самуилова тврдина, Галерија на икони и Куќата на Робевци) во вкупен износ од 1.404 илјади денари поради тоа што билетопродавачите по одделни објекти не се материјално задолжени со сериите на влезници по ценовни категории и истите не ја поткрепуваат уплатата на дневниот пазар со сериите на издадени билети;
- Од закупнини за краткорочно изнајмување на спомениците на културата за одржување на изложби, концерти, снимање на ентериери во заштитените објекти и сл. Ревизијата утврди склучени договори со физички или правни лица, без претходно Заводот да обезбеди писмена согласност од Министерството за култура на РМ, спротивно на Одлуката на Управниот одбор за утврдување на постапката за изнајмување и определување на висината на надоместокот за користење на простор на Завод и Музеј – Охрид за културни и други активности. Утврдено е и изнајмување на објектите без надомест или пак со надомест во форма на уметничко дело што не е предвидено во Одлуката и истото упатува на дискреционо одлучување на одговорното лице за условите под кој што ќе се изнајмуваат објектите под закуп. За дел од договорите во кои што е утврден паричен надоместок не се издадени излезни фактури поради што не се евидентирани побарувања во финансиската евиденција;
- Од вршење археолошки ископувања, изработка на проекти за санација и ревитализација на објекти, заштитно-конзерваторски основи и сл. во износ од 464 илјади денари, кои произлегуваат од склучени договори меѓу корисникот на услугата и Заводот и Музеј Охрид, во кои нема јасна спецификација на работните зафати и цената на чинење на истите. Имено спротивно на Статутот на установата Управниот одбор со одлука не ги определил видовите услуги и надоместокот за нивно извршување ( цена).

Необезбедената поткрепувачка документација за уплатениот дневен пазар од продажба на влезници, како и дискреционото склучување договори за користење споменици на културата или за извршување услуги во корист на физички или правни лица создава ризик од значајна загуба на приходите од самофинансирачки активности на Заводот и Музеј Охрид и дава можност за стекнување лична корист на поединци.

11.2.2. Од ставката Плати, наемнини и надоместоци на вработените неосновано се исплатени вредносни бонови за набавка на трговска стока за постигнат

посебен квалитет во работата за 2006 и зајакната исхрана за 2007 година во вкупен износ од 374 илјади денари врз основа на одлука на Управниот одбор. Исплатата на овие надоместоци е извршена без да се утврдат условите, критериумите и постапката по кои ќе се изврши вреднувањето за постигнат посебен квалитет во работата во Колективниот договор на ниво на работодавец, пропишано во Колективниот договор за култура. Исплатата на надоместоци во бонови, во линеарен износ за сите вработени што е спротивно и на Законот за исплата на платите во РМ има за ефект освен необјективно вреднување на постигнатиот посебен квалитет и ненаменско и незаконско трошење на буџетски средства.

11.2.3. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во реалноста и објективноста на исплатените средства од ставката Субвенции и трансфери во износ од 1.080 илјади денари што се однесуваат на расходи за реализација на проектот „Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник во Охрид„ затоа што сметкопотврдите за набавка на материјали се потпишани само од лицето кое што ги набавило материјалите, но не и одобрени од раководителот на проектот ниту од директорот. Извршувањето на плаќања врз основа на сметководствени документи кои што не се одобрени од овластено лице не гарантира дека исплатата се однесува за стварно реализирана набавка на соодветниот проект.

**Препораки**

1. Директорот на Завод и Музеј – Охрид да воведе процедури и постапки со кои билетопродавачите во објектите - споменици на културата ке се задолжуваат за издадените серии на влезници по одделни објекти и ценовни категории, со што ќе се обезбеди увид во целосноста на приходите остварени од нивна продажба.Заводот и Музеј Охрид да изготви ценовник за одделните услуги кои ги врши во корист на физичките или правните лица, а условите за склучување на договорите да произлегуваат од претходна одлука на Управниот одбор, како орган на управување.
2. Заводот и Музеј Охрид во колективниот договор на ниво на работодавец да ги утврди условите, критериумите и постапките на наградување на вработените за постигнат посебен квалитет во работата.
3. Одговорното лице во Заводот или лицето кое што тој ќе го овласти со свој потпис да ја одобрува исплатата на документи за финансиските трансакции кои што реално настанале.

## 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.3.1. Спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во Завод и Музеј Охрид не е извршено усогласување на постојаните средства искажани во Билансот на состојбата во износ од 1.602 илјади денари со фактичката состојба утврдена со попис. Не е воспоставена материјална (аналитичка) евиденција на основните средства, пописните листи содржат само натурални показатели, не е пресметана амортизација на основните средства што има за ефект нереално и необјективно прикажување на вредноста на постојаните средства во билансот на состојба на ден 31.12.2007 година.

**Препорака**

1. Одговорниот сметководител да обезбеди воспоставување на аналитичка материјална евиденција на основните средства, основните средства да се обележат со инвентарни броеви и да се отпочне со пресметка на амортизација на истите.

### 11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. При ревизијата на јавните набавки за 2007 година Завод и Музеј Охрид не спровел постапка за јавна набавка во вкупен износ од 956 илјади денари за избор на Македонска авторска агенција и Авторско правно биро на РМ за исплата на надоместоци на надворешни соработници. Неспроведувањето на постапка за јавна набавка има за ефект дискриминирање на понудувачите, нелојална конкуренција и не обезбедена транспарентност и јавност на постапката.

**Препорака**

1. Сите потреби за набавки во Завод и Музеј Охрид да се реализираат преку Комисијата за јавни набавки и со спроведување на соодветни постапки пропишани во Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2.1; 11.2.3. и 11.3.1, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид – Сметка за приходи од самофинансирачки активности за годината која завршува со 31.12.2007 година.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.2 и 11.4.1, кај Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 3.540 | 2.436 |
| **Вкупно приходи** | **3.540** | **2.436** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 407 | 168 |
| Стоки и услуги | 1.996 | 2.076 |
| Субвенции и трансфери | 1.257 | 97 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3.660** | **2.341** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 110 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **110** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **3.770** | **2.341** |
| **Непокриени расходи** | **230** | **-95** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 269 | 288 |
| Побарувања | 369 | 280 |
| Побарувања од вработените | 88 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 64 | 0 |
| Залихи | 5.607 | 1.608 |
| **Вкупно тековни средства** | **6.397** | **2.176** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 1.602 | 1.437 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.602** | **1.437** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 231 | 0 |
| **Вкупна актива** | **8.230** | **3.613** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 95 | 3 |
| **Вкупно тековни обврски** | **95** | **6** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 8.135 | 3.607 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **8.135** | **3.607** |
| **Вкупна пасива** | **8.230** | **3.613** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **3.241** | **366** | **3.607** |
| **Зголемување по основ на:** | **165** | **4.391** | **4.556** |
| Набавки | 165 | 27 | **192** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Евидентирани залихи утврдени со попис | | 4.364 | |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **28** | **28** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| Продажба на стоки | | | |
| пресметан данок од добивка | | 28 | |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **3.406** | **4.729** | **8.135** |